*Универзитет за туризам и менаџмент*
*Број 02-193/3*
*04.10.2012 год.*
*Скопје*

Врз основа на член 92, став 1, точка 15 од Статутот на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, согласно член 52 став 1 алинеја 17 и 144 од Законот за високото образование (Сл. Весник на РМ бр. 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 99/2009, 115/2010, 17/2011 и 51/2011) Сенатот на Универзитетот, на седницата одржана на 04.10.2012 год., ја донесе следната

# О Д Л У К А
## за доделување титула почесен доктор на науки (doctor honoris causa) на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје

1. На м-р Димитар Тодевски му се доделува титула почесен доктор на науки (doctor honoris causa) на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, заради неговиот посебен придонес за развој на економијата во Република Македонија и високото образование во областа на економијата.
2. Одлуката стапува во сила со денот на нејзиното донесување.
3. Одлуката со доделување на почесната титула да се официјализира на 08.10.2012 година на Свечена седница на Сенатот на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Врз основа на член 92 став 1 точка 15 од Статутот на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, согласно член 52 став 1 алинеја 17 и 144 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 99/2009, 115/2010, 17/2011 и 51/2011), Сенатот на Универзитетот, на предлог на Економскиот факултетот при Универзитетот, на седницата одржана на 04.10.2012 година, ценејќи го неговиот досегашен богат и разновиден професионален ангажман (извршувал повеќе видни функции како што се: советник за надворешно-трговски и девизни работи во Секретаријатот за економски односи со странство при Извршниот совет на Република Македонија, член на Извршниот совет и Секретар на Секретаријатот за финансии на општината Карпош, Советник, Помошник и Државен советник на министерот во Министерството за финансии на Република Македонија), како и неговиот придонес за развој на економијата и високото образование во областа на економијата што се огледа преку (делување и посветеност на најсложените работи во Секторот за буџети и фондови и секторот за јавни набавки, подготвување на законски и подзаконски прописи од областа на буџетот и буџетската политика, трезорското работење, како и во делот на јавните набавки во Република Македонија, активно учество во подготвувањето на Буџетот на Република Македонија и давање на насоки и упатства во подготвувањето на Буџетите на фондовите и единиците на локалната самоуправа, подготвување на критериуми за распределба на одделни средства на општините, учество во изготвување на Законот за буџетите на Република Македонија, новата економска, организациона и функционална класификација на приходите и расходите во Република Македонија, донесувањето на новиот Закон за сметководство на буџетите и буџетските корисници, Правилник за сметководство на буџетите и буџетските корисници, предводење на работната група за дивестирачките активности, во пет области во Република Македонија, во соработка со

Светска банка, како и работната група за следење на трошењето на средствата од „Телеком“, односно реализацијата на проектите кои се утврдени со Буџетот на Република Македонија. учествуво во работата на работната група за Реформа на јавната администрација и во други работни групи и комисии на Владата на Република Македонија, наставно-научно делување-учество и организација на голем број на обуки, предавања и работилници од областа на буџетското работење, трезорското работење, јавните набавки, финансиската ревизија, реформата на јавната администрација, дивестирањето на несуштински активности, стратешкото планирање и други области, предавач на Факултетот за јавна администрација во рамките на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Битола, по предметот Јавни финансии во академската 2004/2005 и 2005/2006, предавач/експерт на Факултетот за туризам, односно Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје по предметот Финансиски менаџмент во академската 2007/2008) и неговата богата издавачка активност (има издадено девет книги од областа на Јавните финансии, Сметководството, Јавните набавки и Финансискиот менаџмент, како и поголем број на научни трудови, студии и статии, меѓу кои, книгата *Јавни финансии*, издадена во 2007 година, која е постојан учебник на Последипломските студии на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје), донесе одлука како во диспозитивот.

ДОСТАВЕНО ДО:
- Архивата;
- Именуваниот;
- Генералниот секретар на Универзитетот.

РЕКТОР

проф. д-р Аце Миленковски